Архивски број: 03-12533/1
Датум: 05-12-2022

Друштво за професионални и консултантски услуги
ТЕЛЕЛИНК БИЗНИС СЕРВИСИС ДООЕЛ
Бр. 03-196/1
05.12.2022 год.
СКОПЈЕ

ДОГОВОР
за јавна набавка на стоки -
информатичка опрема

Склучен помеѓу:

1. МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ, со седиште на ул. Даме Груев бр.12 - Скопје, претставувано од Dr.Fatmir Besimi, министер за финансии, во натамошниот текст: договорен орган

и

2. Друштво за професионални и консултантски услуги ТЕЛЕЛИНК БИЗНИС СЕРВИСИС ДООЕЛ Скопје, со седиште на Ул. Фјодор Достоевски бр.72, вл.1 кат 4/ стан 5 - Скопје, претставувано од Боби Цветковски, управител во натамошниот текст: носител на набавката.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 1

Предмет на овој договор е набавка и испорака на информатичката опрема за потребите на договорниот орган, по спроведената поедноставена отворена постапка по оглас број 17300/2022, во сè според прифатената техничка понуда на носителот на набавката од страна на договорниот орган која е составен дел на договорот (Прилог 1).

### Член 2

Опремата од член 1 на овој договор е нова, оригинална, целосно конфигурирана и со обезбедена гаранција од страна на производителот на опремата.

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 3

Единечните цени за предметот на набавката се фиксни и непроменливи со вкалкулирани трошоци што ги има носителот на набавката до нивната испорака и монтажа на локацијата посочена од договорниот орган и истите се следниве:

| РБ | Вид | Единечна мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (4x5) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | Компјутер | парче | 1 | 159.705,00 | 159.705,00 |
| 2 | Преносен компјутер ТИП 1 | парче | 15 | 62.383,50 | 935.752,50 |
| 3 | Преносен компјутер ТИП 2 | парче | 35 | 65.494,00 | 2.292.290,00 |
| 4 | Монитор | парче | 45 | 17.694,50 | 796.252,50 |
| | | | | Вкупно: | 4.184.000,00 |

Вкупната вредност на договорот изнесува 4.184.000,00 денари, без пресметан ДДВ.

Данокот на додадена вредност пресметан на износот од став 2 на овој член изнесува 209.200,00 денари.

Вкупната вредност на договорот изнесува 4.393.200,00 денари со пресметан ДДВ.

## III. РОК И НАЧИН НА ИСПОРАКА

### Член 4

Испораката на стоките ќе се врши по порачка, а врз основа на потребите на договорниот орган.

Рокот за испорака на стоките – предметот на договорот изнесува 14 дена од денот на приемот на писмена порачка од страна на договорниот орган кај носителот на набавката.

Местото на испорака на информатичката опрема е во магацинот на Министерството за финансии на ул. „Даме Груев", бр.12 во Скопје.

Член 5

За испорачаната опрема носителот на набавката и договорниот орган ќе потпишат испратница и/или записник за примопредавање, со кои договорниот орган потврдува дека е извршен квалитативен и квантитативен прием на опремата - предмет на договорот.

Испратницата и/или записникот со полно име и презиме ја потпишуваат определено лице од страна на договорниот орган и определено лице од страна на носителот на набавката.

Договорниот орган го потврдува квантитативниот и квалитативниот прием на опремата во присуство на претставник на носителот на набавката со потпис на испратницата и/или записникот за примопредавање, со што е извршено нејзино квантитативно и квалитативно примопредавање.

## IV. НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

Член 6

Договорниот орган се обврзува плаќањето да го изврши во рок од 30 (триесет) календарски дена, сметано од денот на приемот на фактурата од носителот на набавката за испорачаната опрема - предмет на договорот.

Со фактурата за испорачаните стоки треба да има приложено и испратница и/или записник за извршено примопредавање, потпишан од двете договорни страни, како доказ дека опремата - предмет на договорот е во целост испорачана.

Фактурата за плаќање за испорачаните стоки се доставува во писарницата на договорниот орган, на следнава адреса: ул. „Даме Груев“ бр.12, 1000 Скопје.

## V. ПРАВА И ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 7

Носителот на набавката е должен веднаш по потпишувањето на договорот да пристапи кон негова реализација на начин согласно прифатените услови дефинирани во понудата и техничките спецификации.

Носителот на набавката е должен своите обврски да ги извршува стручно и квалитетно согласно понудата, тендерската документација и упатствата на договорниот орган.

Носителот на набавката е должен во рамките на извршувањето на своите обврски блиску да соработува со вработените кај договорниот орган кои ќе бидат задолжени за реализација на предметната набавка.

Член 8

Носителот на набавката се обврзува:

- да ја испорача опремата - предмет на договорот, одговорно, квалитетно и навремено во сè според одредбите од овој договор,
- информатичката опрема да ја испорача во целост, во рок од најмногу 14 дена, сметано од денот на прием на порачката кај носителот на набавката,
- информатичката опрема што ќе ја испорача да е нова, во оригинална амбалажа, целосно конфигурурана од страна на производителот и со обезбедена гаранција од страна на производителот на опремата,
- опремата што ќе ја испорача да биде од марката, моделот, производителот и техничките карактеристики од прилогот кон договорот,
- сервисирањето и одржувањето на информатичката опрема - предмет на договорот, да го врши во рамките на гарантниот рок за испорачаната опрема, од денот на извршената испорака на опремата на договорниот орган и тоа на повик и по укажана потреба од страна на договорниот орган,
- сите евентуални дефекти на информатичката опрема во гарантниот период да ги отстрани без надоместок на локацијата на корисникот или во сервис доколку за тоа има потреба и тоа во рок од најмногу 30 (триесет) дена, од денот на укажувањето од страна на договорниот орган,
- во случај на дефект на информатичката опрема во гарантниот период доколку во рок од најмногу 30 (триесет) дена не го отстрани дефектот, носителот на набавката се обврзува да испорача ист таков вид на опрема на договорниот орган и
- да обезбеди техничка поддршка и пријава на дефект во работни денови на локација во Скопје.

VI. ГАРАНТЕН ПЕРИОД

Член 9

Гарантниот период за опремата е согласно гаранцијата на опремата внесена во прифатената понудата на носителот на набавката од страна на договорниот орган и истиот започнува да тече сметано од денот на испораката на истата.

Носителот на набавката се обврзува дека во гарантниот период без надоместок ќе ги отстрани сите технички недостатоци на испорачаната опрема кои настанале при нејзиното нормално користење и тоа на локација на договорниот орган или во својот сервис доколку дефектот не може да се отстрани на лице место и тоа во рок не подолг од 30 денови.

Носителот на набавката се обврзува во гарантниот период без надоместок да изврши замена на опремата или на делови од опремата што договорниот орган ќе ги рекламира.

Во обврската за поправка или замена на резервни делови без надоместок не влегуваат потрошните делови и материјали.

## VII. ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО И НАВРЕМЕНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 10

Носителот на набавката е должен заедно со потпишаниот договор да достави банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот.

Банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде во висина од 10% од вкупната вредност на договорот со пресметан данок на додадена вредност.

Гаранцијата се доставува во вид на банкарска гаранција во писмена форма или во електронска форма доколку е издадена како таква од банката во изворно оригинална форма. Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма. Копии не се прифаќаат.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде со важност до целосното реализирање на договорот.

Банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде во валутата на која гласи договорот.

Со гаранцијата избраниот носителот на набавката гарантира дека предметот на договорот ќе го изврши на начинот и според динамиката предвидени во тендерската документација, односно техничката спецификација, доставената понуда и склучениот договор со договорниот орган.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде наплатена доколку носителот на набавката не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести носителот на набавката.

Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката во рок од 14 дена од целосното реализирање на договорот.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката по пошта, лично во седиштето на економскиот оператор или лично во седиштето на договорниот орган.

Договорниот орган ќе ја наплати гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот и доколку дојде до негово еднострано раскинување

поради неизвршување на обврските од договорот од страна на носителот на набавката.

Договорниот орган нема да бара активирање на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот од банката која ја има издадено доколку носителот на набавката поради непредвидени околности (виша сила или други оправдани причини) не можел да ја изврши набавката што е предмет на овој договор, во кој случај носителот на набавката треба да достави писмено образложение до договорниот орган во кое ќе ги наведе причините за неизвршување или ненавремено извршување на набавката, а кое треба да биде писмено прифатено од договорниот орган.

## VIII. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

### Член 11

Договорниот орган е должен да определи лице кое ќе биде задолжено за квантитативен и квалитативен прием на предметот на набавката и за тоа писмено да го извести носителот на набавката.

Договорниот орган е должен да изврши рекламација на опремата или на делови од неа доколку не ги задоволуваат наведените перформанси и утврдениот квалитет и за истото писмено да го извести носителот на набавката.

### Член 12

Договорниот орган се обврзува дека ќе го изврши плаќањето за испорачаната опрема во рокот утврден во член 6 од овој договор.

## IX. РОК НА ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 13

Договорот е со важност од 12 (дванаесет) месеци сметано од денот на потпишувањето на договорот од двете договорни страни или до негово целосно вредносно исполнување.

## X. УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ ИЛИ ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ НА ДОГОВОРОТ

### Член 14

Овој договор може да се раскине спогодбено со согласност на двете договорни страни.

Член 15

Овој договор може да се раскине и еднострано поради непридржување или неисполнување на договорните обврски утврдени со овој договор, како и поради неквалитетно вршење на работите утврдени со Договорот.

Договорната страна која поради непридржување или неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање во писмена форма.

Договорот се смета за раскинат со денот на приемот на известувањето за раскинување на договорот.

Доколку дојде до раскинување на договорот поради неисполнување или ненавремено исполнување на обврските на договорот од страна на носителот на набавката, покрај наплатата на банкарската гаранција, ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

Член 16

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската од другата договорна страна или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата од договорната страна која не ги исполнила своите обврски од договорот.

Член 17

Кога носителот на набавката нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, договорниот орган може да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност на договорниот орган.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во рокот утврден со овој договор или не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може еднострано да го раскине договорот.

Доколку дојде до еднострано раскинување на договорот поради неисполнување на обврските од Договорот од страна на носителот на набавката, покрај наплатувањето на банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

Член 18

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските од овој договор заради виша сила.

Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови, и сл.).

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот.

Ако една од договорните страни е спречена да ги исполнува своите обврски заради виша сила, должна е веднаш писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

За времетраењето на вишата сила сите права и обврски од овој договор мируваат.

Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на договорот, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

По отстранувањето на вишата сила договорот продолжува да се реализира.

## XI. ОПШТИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 19

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување анекс на договорот во согласност со Законот за јавните набавки.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

За сѐ што не е предвидено со овој договор, се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за јавните набавки и другите позитивни законски прописи.

### Член 20

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој договор, а кои договорните страни не би можеле да ги решат спогодбено, ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

Член 21

При секоја обработка на личните податоци во текот на реализацијата на овој договор, соодветно ќе се применуваат одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

Член 22

Овој договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои 2 (два) примерока за договорниот орган и 2 (два) примерока за носителот на набавката.

| | |
|---|---|
| Договорен орган: | Носител на набавката: |
| Република Северна Македонија | Друштво за професионални и |
| Министерство за финансии | консултантски услуги ТЕЛЕЛИНК БИЗНИС |
| Скопје | СЕРВИСИС ДООЕЛ Скопје |
| Dr. Fatmir Besimi | Боби Цветковски |
| Министер за финансии | Управител |

Изработил: Рената Николоска
Контролирал: Даниела Јанкова
Елизабета Калачоска
Одобрил: Татјана Васева
Проверил: Daut Hajrullahi
м-р Маја Стаменковска Угриновска
Согласен: д-р Јелена Таст

Bobi Cvetkovski

Digitally signed by Bobi Cvetkovski
Date: 2022.10.27 11:21:54 +02'00'

**Прилог 1 – Образец на понуда**

*[меморандум на понудувачот]*

Врз основа на огласот објавен од страна на Министерството за финансии, за набавка на стоки: **Информатичка опрема** со спроведување на поедноставена отворена постапка, и тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

**П О Н У Д А**

**Дел I – Информации за понудувачот**

I.1. Име на понудувачот: Телелинк Бизнис Сервисис Дооел

I.2. Контакт информации

- Адреса: Фјодор Достоевски бр. 72, вл.1 кат 4/ стан 5, 1000 Скопје
- Телефон: +38970363730
- Факс: +38923073521
- Е-пошта: bobi.cvetkovski@tbs.tech
- Лице за контакт: Боби Цветковски

I.3. Одговорно лице: Боби Цветковски

I.4. Даночен број: 4057019547562

I.5. Матичен број: 7385986

**Дел II – Техничка понуда**

II.1. Согласни сме да ја дадеме оваа понуда за предметот на договорот за јавна набавка согласно со техничките спецификации.

2 – ТЕХНИЧКА ПОНУДА

2.1 Во прилог на техничката понуда да се достави:

- **технички опис на понудената информатичка опрема со приложен проспектен материјал со референца во проспектниот материјал каде што може да се види бараната техничка карактеристика,** (Број на страна и маркиран текст во проспектниот материјал каде што може да се види бараната техничка карактеристика)
- **да се дадат условите за одржувањето и поддршката во гарантниот период:**
  - **техничка поддршка и пријава на дефект во работни денови,**
  - **одредување на една точка за контакт (Help Desk) (во Скопје, Република Северна Македонија), кој ќе биде одговорен за евидентирање и координирање на сите аспекти на поправка на опремата и др.**

**1-Компјутер, количина: 1**

| МИНИМАЛНА БАРАНА КОНФИГУРАЦИЈА | | ПОНУДЕНА КОНФИГУРАЦИЈА (пополнува понудувачот) Број на страна и маркиран текст во проспектниот материјал каде што може да се види бараната техничка карактеристика |
|---|---|---|
| Производител, модел, тип, продуктен број | | Apple, iMac (24'') |
| Процесор | Минимум "Apple M1" чип со 8 јадра, 8 GPU јадра или еквивалентно | **Согласно.**<br><br>Apple M1 chip 8-core CPU with 4 performance cores and 4 efficiency cores 7-core GPU, 8-core GPU 16-core Neural Engine<br><br>Страна 1 "iMac (24-inch, M1, 2021) - Technical Specifications.pdf" |
| Изведба/ димензии | Минимум All in one или еквивалентно, интегрирано како едно монитор и кукиште | **Согласно.**<br><br>iMAC интегрирано кукиште и монитор.<br><br>Страна 1 "iMac (24-inch, M1, 2021) - Technical Specifications.pdf" |
| Меморија: | Минимум 16GB | **Согласно.**<br><br>16GB RAM<br><br>Страна 1 "iMac (24-inch, M1, 2021) - Technical Specifications.pdf" |
| Диск: | 1 TB | **Согласно.** |

| | | |
|---|---|---|
| | | 1TB SSD<br><br>Страна 1 "iMac (24-inch, M1, 2021) - Technical Specifications.pdf" |
| Приклучоци: | Минимум 1 Thunderbolt 3 /USB 4(USB-C) или еквивалентно Минимум 1 USB 3.1 Gen 2 или еквивалентно | **Согласно.**<br><br>Thunderbolt 3 digital video output Native DisplayPort output over USB-C<br><br>Страна 1 "iMac (24-inch, M1, 2021) - Technical Specifications.pdf"<br><br>Two Thunderbolt / USB 4 ports with support for: DisplayPort Thunderbolt 3 (up to 40Gb/s) USB 4 (up to 40Gb/s) USB 3.1 Gen 2 (up to 10Gb/s) Thunderbolt 2, HDMI, DVI, and VGA supported using adapters (sold separately)<br><br>Страна 2 "iMac (24-inch, M1, 2021) - Technical Specifications.pdf" |
| Глувче и тастатура: | Magic Keyboard so Touch ID и Magic глувче или еквивалентно | **Согласно.**<br><br>Input Magic Keyboard Magic Mouse<br><br>Страна 2 "iMac (24-inch, M1, 2021) - Technical Specifications.pdf" |
| * Оперативен систем: | Минимум macOS или еквивалентно | **Согласно.**<br><br>Operating System: macOS<br><br>Страна 2 "iMac (24-inch, M1, 2021) - Technical Specifications.pdf" |
| Дисплеј | Минимум 23.8" или поголем; | **Согласно.**<br><br>Display 24-inch 4.5K Retina display<br><br>Страна 1 "iMac (24-inch, M1, 2021) - Technical Specifications.pdf" |
| Гаранција: | Минимум 1 години гаранција | **Согласно.**<br><br>1 година гаранција. |

**2 - Преносни компјутери**

**ТИП 1, количина: 15**

| МИНИМАЛНА БАРАНА КОНФИГУРАЦИЈА | | ПОНУДЕНА КОНФИГУРАЦИЈА (пополнува понудувачот) Број на страна и маркиран текст во проспектниот материјал каде што може да се види бараната техничка карактеристика |
|---|---|---|
| Производител, модел, тип, продуктен број | | Dell Latitude 3530 |
| Процесор | Минимум последни 2 генерации со: минимум 2 (cores), минимум 6MB(Cache), минимум 4 (Threads) и максимална фреквенција од 4.1GHz | **Согласно.**<br><br>Intel i3-1215U, Integrated Intel UHD Graphics<br><br>Страна 1 "Dell3530-BoM.xslx"<br><br>Processor cores: 4<br>Processor cache: 10MB<br>Processor thread count: 8<br><br>Страна 10 "latitude-3530-setup-and-specifications-en-us.pdf" |
| РАМ меморија | Минимум 8 GB 3200MHz DDR4 и можност за проширување до 32GB | **Согласно.**<br><br>8GB, 1x8GB, DDR4 Non-ECC<br><br>Страна 1 "Dell3530-BoM.xslx"<br><br>Memory slots: 2<br>Memory Type: DDR4<br>Memory Speed: 3200 Mhz<br>Maximum memory configuration: 32 GB<br><br>Страна 11 "latitude-3530-setup-and-specifications-en-us.pdf" |
| Graphics | Минимум интегрирана Intel UHD или еквивалентна | **Согласно.**<br><br>Intel i3-1215U, Integrated Intel UHD Graphics |

| | | |
|---|---|---|
| | | Страна 1 "Dell3530-BoM"<br><br>Страна 19 "latitude-3530-setup-and-specifications-en-us.pdf" |
| <u>Хард диск</u> | Минимум 512GB SSD M.2 PCIe | **Согласно.**<br><br>M.2 512GB PCIe NVMe Class 35 Solid State Drive<br><br>Страна 1 "Dell3530-BoM.xslx"<br><br>Страна 14 "latitude-3530-setup-and-specifications-en-us.pdf" |
| <u>Дисплеј</u> | Минимум 15" FHD IPS дисплеј | **Согласно.**<br><br>15.6" FHD (1920 x 1080) AG Non-Touch, 250nits<br><br>Страна 1 "Dell3530-BoM.xslx"<br><br>Full High Definition (FHD) Wide Viewing Angle (WVA)<br><br>Страна 18 "latitude-3530-setup-and-specifications-en-us.pdf" |
| Сигурност и менаџмент | Минимум можност за индивидуално блокирање на сите USB порти преку BIOS.<br>Можност за блокирање на сите уреди за складирање на податоци поради заштита на податоците,<br>Минимум Trusted Platform Module min 2.0 со FIPS 140-2 сертификација<br>Минимум можност за проверка на интегритетот на BIOS-от наспроти хостирана доверлива копија во облакот и можност за обнова<br>Минимум можност за чување на лозинките на дедициран сигурносен чип, заради заштита од напади и малициозен софтвер кој ги компромитира информациите за најава<br><br>Вклучени менаџмент алатки со минимум фунцкионалости: | **Согласно.**<br><br>Trusted Platform Module (Discrete TPM Enabled)<br><br>In-Band Systems Management<br><br>Страна 1 "Dell3530-BoM.xslx"<br><br>Dell Apps<br><br>Страна 4-5 "latitude-3530-setup-and-specifications-en-us.pdf"<br><br>Страна 1-2 "Dell_SafeBios"<br>Страна 1-2 "Dell_SafeID"<br>Страна 1-3 "Dell_DCC" |

| | | |
|---|---|---|
| | • Конфигурација на минимум 170 БИОС атрубути<br>• Мониторинг на уреди вклучувајќи статус и приказ на далечински инвентар на хардверот<br>• Менаџмент на системски ажурирања<br>• Инсталација на драјвери | |
| Камера | Минимум 720p HD | **Согласно.**<br><br>Type HD RGB camera<br><br>1920 x 1080 (FHD) at 30 fps<br><br>Страна 16 "latitude-3530-setup-and-specifications-en-us.pdf" |
| Аудио | Минимум интегрирано аудио | **Согласно.**<br><br>Waves Maxx Audio<br><br>Страна 1 "Dell3530-BoM.xslx"<br><br>Internal-speaker amplifier: Supported (audio codec integrated)<br><br>Страна 14 "latitude-3530-setup-and-specifications-en-us.pdf" |
| Поврзување | Минимум WLAN 802.11ax и Bluetooth 5.1 | **Согласно.**<br><br>Intel Wi-Fi 6 AX201 2x2 .11ax 160MHz + Bluetooth 5.2<br>WLAN Intel AX201/AX210 Driver + Bluetooth<br><br>Страна 1 "Dell3530-BoM.xslx"<br><br>Wireless standards<br><br>• WiFi 802.11a/b/g<br>• Wi-Fi 4 (Wi-Fi 802.11n)<br>• Wi-Fi 5 (Wi-Fi 802.11ac) |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Wi-Fi 6 (WiFi 802.11ax)<br><br>Страна 13 "latitude-3530-setup-and-specifications-en-us.pdf" |
| Батерија и адаптер: | Минимум 4 келиска со 54Whr<br>Минимум 65W адаптер | **Согласно.**<br><br>4 Cell 54Whr ExpressChargeTM Capable Battery<br><br>65W AC Adapter, 4.5mm Barrel<br><br>Страна 1 "Dell3530-BoM.xslx"<br><br>Battery Type: 4-cell Polymer (54 Wh)<br><br>65 W AC adapter, 4.5 mm barrel<br><br>Страна 17 "latitude-3530-setup-and-specifications-en-us.pdf" |
| Порти | Минимум 1 USB Type C 3.2 порта<br>Минимум 2 USB 3.2 порти<br>Минимум 1 USB 2.0 порта<br>Минимум 1 HDMI 1.4 порта<br>Минимум 1 RJ-45 порта<br>Минимум 1 Универзален аудио приклучок<br>Минимум вклучена камера и микрофон<br>Минимум 1 надворешен uSIM слот<br>Минимум 1 Micro SD слот<br>Минимум 1 слот за заклучување<br>Минимум поддржано проширување со 4G LTE модем/картичка | **Согласно.**<br><br>USB Ports:<br>• One USB 3.2 Gen 2 Type-C port with DisplayPort/Power Delivery<br>• One USB 3.2 Gen 1 port<br>• One USB 3.2 Gen 1 port with PowerShare<br>• One USB 2.0 port<br><br>Video port:<br>• One HDMI 1.4b port<br><br>Network port:<br>• One flip-down RJ45 10/100/1000 Mbps<br><br>Audio port:<br>• One universal audio port<br><br>Sim-Card slot:<br>• One microSIM-card slot (WWAN only) |

| | | |
|---|---|---|
| | | Media card reader:<br>• One microSD-card slot<br><br>Security-cable slot:<br>• One wedge-shaped lock slot<br><br>Страна 12 "latitude-3530-setup-and-specifications-en-us.pdf"<br><br>Camera w/ Shutter & Microphone, WLAN Capable<br><br>Страна 1 "Dell3530-BoM.xslx"<br><br>• Camera<br>• Camera status light<br>• Right microphone<br><br>Страна 8 "latitude-3530-setup-and-specifications-en-us.pdf"<br><br>• LTE FDD/TDD,WCDMA/HSPA+, GNSS/Beidou<br><br>Страна 13 "latitude-3530-setup-and-specifications-en-us.pdf" |
| Оперативен систем | Минимум преинсталиран 64 битен оперативен систем со автоматизиран систем за преземање на надградби и подобрувања (или преку интернет или од локалната мрежа) и можност за интеграција со централен систем за управување со идентитети и имплементација на политики за безбедност и интеграција со постоечкиот Active Directory и поддршка од производителот:<br>Windows 10 Professional 64 bit или еквивалент | **Согласно.**<br><br>Pre-installed Windows 11 Pro, English, Arabic, French, Russian, Turkish<br><br>Страна 1 "Dell3530-BoM.xslx"<br><br>Supported OS:<br>• Windows 11 Pro, 64-bit<br>• Windows 11 Home, 64-bit<br>• Windows 11 Pro Downgrade (Windows 10 image factory installed)<br><br>Страна 11 "latitude-3530-setup-and-specifications-en-us.pdf" |

| | | |
|---|---|---|
| Ташна | Минимум вклучена ташна или ранец за преносниот компјутер од истиот производител | **Согласно.**<br><br>Dell Essential Briefcase 15-ES1520C<br><br>Страна 1 "Dell3530-BoM.xslx" |
| Глувче и тастарура | Минимум вклучена USB тастатура –QWERTY US English и USB глувче | **Согласно.**<br><br>Dell Optical Mouse-MS116 – Black<br><br>Dell Multimedia Keyboard-KB216 - US International (QWERTY) - Black<br><br>Страна 1 "Dell3530-BoM.xslx"<br><br>Страна 1 "Dell Optical Mouse-MS116.pdf"<br><br>Страна 1 "Dell Wired KeyboardKB216.pdf" |
| Гаранција | Минимум 3 години гаранција | **Согласно.**<br><br>3 години гаранција. |

**<u>2 - Преносни компјутери</u>**

**ТИП 2, количина: 35**

| МИНИМАЛНА БАРАНА КОНФИГУРАЦИЈА | ПОНУДЕНА КОНФИГУРАЦИЈА (пополнува понудувачот) |
|---|---|

| | | Број на страна и маркиран текст во проспектниот материјал каде што може да се види бараната техничка карактеристика |
|---|---|---|
| Производител, модел, тип, продуктен број | | Dell Latitude 3530 |
| Процесор | Минимум последни 2 генерации со: минимум 4 (cores), минимум 8MB(Cache), минимум 8(Threads) и максимална фреквенција од 4.4GHz | **Согласно.**<br><br>Intel i3-1215U, Integrated Intel UHD Graphics<br><br>Страна 1 "Dell3530-BoM.xslx"<br><br>Processor cache: 10MB<br>Processor thread count: 8<br>Processor speed: Up to 4.4 Ghz<br><br>Страна 10 "latitude-3530-setup-and-specifications-en-us.pdf" |
| РАМ меморија | Минимум 16GB 3200MHz DDR4 и можност за проширување до 32GB | **Согласно.**<br><br>16GB, 2x8GB, DDR4 Non-ECC<br><br>Страна 1 "Dell3530-BoM.xslx"<br><br>Memory slots: 2<br>Memory Type: DDR4<br>Memory Speed: 3200 Mhz<br>Maximum memory configuration: 32 GB<br><br>Страна 11 "latitude-3530-setup-and-specifications-en-us.pdf" |
| Graphics | Минимум интегрирана Intel Iris Xe или еквивалентна | **Согласно.**<br><br>Intel i3-1215U, Integrated Intel UHD Graphics<br><br>Страна 1 "Dell3530-BoM"<br><br>Страна 19 "latitude-3530-setup-and-specifications-en-us.pdf" |
| Хард диск | Минимум 512GB SSD M.2 PCIe | **Согласно.**<br><br>M.2 512GB PCIe NVMe Class 35 Solid State Drive<br><br>Страна 1 "Dell3530-BoM.xslx" |

| | | |
|---|---|---|
| | | Страна 14 "latitude-3530-setup-and-specifications-en-us.pdf" |
| Дисплеј | Минимум 15" FHD IPS дисплеј | **Согласно.**<br><br>15.6" FHD (1920 x 1080) AG Non-Touch, 250nits<br><br>Страна 1 "Dell3530-BoM.xslx"<br><br>Full High Definition (FHD)<br>Wide Viewing Angle (WVA)<br><br>Страна 18 "latitude-3530-setup-and-specifications-en-us.pdf" |
| Сигурност и менаџмент | Минимум можност за индивидуално блокирање на сите USB порти преку BIOS. Можност за блокирање на сите уреди за складирање на податоци поради заштита на податоците,<br>Минимум Trusted Platform Module min 2.0 со FIPS 140-2 сертификација<br>Минимум можност за проверка на интегритетот на BIOS-от наспроти хостирана доверлива копија во облакот и можност за обнова<br>Минимум можност за чување на лозинките на дедициран сигурносен чип, заради заштита од напади и малициозен софтвер кој ги компромитира информациите за најава<br><br>Вклучени менаџмент алатки со минимум фунцкионалости:<br><br>• Конфигурација на минимум 170 БИОС атрубути<br>• Мониторинг на уреди вклучувајќи статус и приказ на далечински инвентар на хардверот<br>• Менаџмент на системски ажурирања<br>• Инсталација на драјвери | **Согласно.**<br><br>Trusted Platform Module (Discrete TPM Enabled)<br><br>In-Band Systems Management<br><br>Страна 1 "Dell3530-BoM.xslx"<br><br>Dell Apps<br><br>Страна 4-5 "latitude-3530-setup-and-specifications-en-us.pdf"<br><br>Страна 1-2 "Dell_SafeBios"<br>Страна 1-2 "Dell_SafeID"<br>Страна 1-3 "Dell_DCC" |
| Камера | Минимум 720p HD | **Согласно.** |

| | | |
|---|---|---|
| | | Type HD RGB camera<br><br>1920 x 1080 (FHD) at 30 fps<br><br>Страна 16 "latitude-3530-setup-and-specifications-en-us.pdf" |
| Аудио | Минимум интегрирано аудио | **Согласно.**<br><br>Waves Maxx Audio<br><br>Страна 1 "Dell3530-BoM.xslx"<br><br>Internal-speaker amplifier: Supported (audio codec integrated)<br><br>Страна 14 "latitude-3530-setup-and-specifications-en-us.pdf" |
| Поврзување | Минимум WLAN 802.11ax и Bluetooth 5.1 | **Согласно.**<br><br>Intel Wi-Fi 6 AX201 2x2 .11ax 160MHz + Bluetooth 5.2<br>WLAN Intel AX201/AX210 Driver + Bluetooth<br><br>Страна 1 "Dell3530-BoM.xslx"<br><br>Wireless standards<br><br>• WiFi 802.11a/b/g<br>• Wi-Fi 4 (Wi-Fi 802.11n)<br>• Wi-Fi 5 (Wi-Fi 802.11ac)<br>• Wi-Fi 6 (WiFi 802.11ax)<br><br>Страна 13 "latitude-3530-setup-and-specifications-en-us.pdf" |
| Батерија и адаптер: | Минимум 4 келиска со 54Whr<br>Минимум 65W адаптер | **Согласно.**<br><br>4 Cell 54Whr ExpressChargeTM Capable Battery<br><br>65W AC Adapter, 4.5mm Barrel<br><br>Страна 1 "Dell3530-BoM.xslx"<br><br>Battery Type: 4-cell Polymer (54 Wh) |

| | | |
|---|---|---|
| | | 65 W AC adapter, 4.5 mm barrel<br><br>Страна 17 "latitude-3530-setup-and-specifications-en-us.pdf" |
| Порти | Минимум 1 USB Type C 3.2 порта<br>Минимум 2 USB 3.2 порти<br>Минимум 1 USB 2.0 порта<br>Минимум 1 HDMI 1.4 порта<br>Минимум 1 RJ-45 порта<br>Минимум 1 Универзален аудио приклучок<br>Минимум вклучена камера и микрофон<br>Минимум 1 надворешен uSIM слот<br>Минимум 1 Micro SD слот<br>Минимум 1 слот за заклучување<br>Минимум поддржано проширување со 4G LTE модем/картичка | **Согласно.**<br><br>USB Ports:<br>• One USB 3.2 Gen 2 Type-C port with DisplayPort/Power Delivery<br>• One USB 3.2 Gen 1 port<br>• One USB 3.2 Gen 1 port with PowerShare<br>• One USB 2.0 port<br><br>Video port:<br>• One HDMI 1.4b port<br><br>Network port:<br>• One flip-down RJ45 10/100/1000 Mbps<br><br>Audio port:<br>• One universal audio port<br><br>Sim-Card slot:<br>• One microSIM-card slot (WWAN only)<br><br>Media card reader:<br>• One microSD-card slot<br><br>Security-cable slot:<br>• One wedge-shaped lock slot<br><br>Страна 12 "latitude-3530-setup-and-specifications-en-us.pdf"<br><br>Camera w/ Shutter & Microphone, WLAN Capable<br><br>Страна 1 "Dell3530-BoM.xslx"<br><br>• Camera<br>• Camera status light<br>• Right microphone<br><br>Страна 8 "latitude-3530-setup-and-specifications-en-us.pdf" |

| | | |
|---|---|---|
| | | • LTE FDD/TDD,WCDMA/HSPA+, GNSS/Beidou<br><br>Страна 13 "latitude-3530-setup-and-specifications-en-us.pdf" |
| Оперативен систем | Минимум преинсталиран 64 битен оперативен систем со автоматизиран систем за преземање на надградби и подобрувања (или преку интернет или од локалната мрежа) и можност за интеграција со централен систем за управување со идентитети и имплементација на политики за безбедност и интеграција со постоечкиот Active Directory и поддршка од производителот: Windows 10 Professional 64 bit или еквивалент | **Согласно.**<br><br>Pre-installed Windows 11 Pro, English, Arabic, French, Russian, Turkish<br><br>Страна 1 "Dell3530-BoM.xslx"<br><br>Supported OS:<br>• Windows 11 Pro, 64-bit<br>• Windows 11 Home, 64-bit<br>• Windows 11 Pro Downgrade (Windows 10 image factory installed)<br><br>Страна 11 "latitude-3530-setup-and-specifications-en-us.pdf" |
| Ташна | Минимум вклучена ташна или ранец за преносниот компјутер од истиот производител | **Согласно.**<br><br>Dell Essential Briefcase 15-ES1520C<br><br>Страна 1 "Dell3530-BoM.xslx" |
| Глувче и тастатура | Минимум вклучена USB тастатура –QWERTY US English и USB глувче | **Согласно.**<br><br>Dell Optical Mouse-MS116 – Black<br><br>Dell Multimedia Keyboard-KB216 - US International (QWERTY) - Black<br><br>Страна 1 "Dell3530-BoM.xslx"<br><br>Страна 1 "Dell Optical Mouse- MS116.pdf"<br><br>Страна 1 "Dell Wired KeyboardKB216.pdf" |
| Гаранција | Минимум 3 години гаранција | **Согласно.**<br><br>3 години гаранција. |

Монитори, количина: 45

| МИНИМАЛНА БАРАНА КОНФИГУРАЦИЈА | | ПОНУДЕНА КОНФИГУРАЦИЈА<br>(пополнува понудувачот)<br>Број на страна и маркиран текст во проспектниот материјал каде што може да се види бараната техничка карактеристика |
|---|---|---|
| Производител, модел, тип, продуктен број | | Dell 24 USB-C HUB Monitor - P2422HE |
| Дијагонала на екран : | Минимум 23.8 инчи | **Согласно.**<br><br>Diagonal Viewing Size 604.70 mm (23.8 inches)<br><br>Страна 3 “DELL 24 MONITOR P2422H.pdf” |
| Тип на дисплеј : | LED-backlit LCD monitor | **Согласно.**<br><br>Backlight Technology White LED edgelight system<br><br>Страна 3 “DELL 24 MONITOR P2422H.pdf” |
| Тип на панел : | Минимум IPS | **Согласно.**<br><br>Color consistency comes standard: See consistent, vibrant colors across a wide viewing angle enabled by In-Plane Switching (IPS)<br><br>Страна 2 “DELL 24 MONITOR P2422H.pdf” |
| Хоризонтален агол на преглед: | Минимум 178 степени | **Согласно.**<br><br>Viewing Angle 178°/178°<br><br>Страна 3 “DELL 24 MONITOR P2422H.pdf” |
| Вертикален агол на преглед | Минимум 178 степени | **Согласно.**<br><br>Viewing Angle 178°/178°<br><br>Страна 3 “DELL 24 MONITOR P2422H.pdf” |

| | | |
|---|---|---|
| Нативна резолуција : | Минимум 1920 x 1080@ 60 Hz | **Согласно.**<br><br>Maximum Preset Resolution 1920 x 1080 at 60 Hz<br><br>Страна 3 "DELL 24 MONITOR P2422H.pdf" |
| Светлост : | Минимум 250 cd/m² | **Согласно.**<br><br>Brightness 250 cd/m² (typical)<br><br>Страна 3 "DELL 24 MONITOR P2422H.pdf" |
| Време на одзив: | Максимум 5-8 ms | **Согласно.**<br><br>Response Time 5 ms typical (Fast) (gray to gray) 8 ms (Normal mode) (gray to gray)<br><br>Страна 3 "DELL 24 MONITOR P2422H.pdf" |
| Соодносна контраст : | Минимум 1000 : 1 | **Согласно.**<br><br>Contrast Ratio 1000:1 (typical)<br><br>Страна 3 "DELL 24 MONITOR P2422H.pdf" |
| Поддршка на бои: | Минимум 16.7 милиони бои | **Согласно.**<br><br>Color Support Color gamut: sRGB 99% (typical)<br>Color depth: 16.7 million colors<br><br>Страна 3 "DELL 24 MONITOR P2422H.pdf" |
| Позиционирање: | Минимум тилт/наклон од -5 до 21 степен<br>Минимум swivel од -45 до 45 степени<br>Минимум pivot од -90 до 90 степени<br>мониторот по висина од минимум 13cm (height adjustment) | **Согласно.**<br><br>Tilt and height adjustable (-5° to 21°)<br>Swivel (-45° to 45°)<br>Pivot (-90° to 90°)<br>Tilt and height adjustable (150mm)<br><br>Страна 4 "DELL 24 MONITOR P2422H.pdf" |
| Портови : | Минимум 1 x HDMI 1.4, 2 x Display Port, 4 x USB 3.2, 1 x USB Type-C (Upstream порта) со испорака на мин. 65W "power delivery". 1 x RJ45 порта | **Согласно.**<br><br>1 x VGA connector<br>1 x HDMI port<br>1 x Display port<br><br>Страна 4 "DELL 24 MONITOR P2422H.pdf" |

| | | |
|---|---|---|
| | | 1 x SuperSpeed USB 5Gbps (USB3.2 Gen1) upstream 4 x SuperSpeed USB 5Gbps (USB3.2 Gen1)<br><br>Страна 3 "DELL 24 MONITOR P2422H.pdf" |
| Компатибилност : | Мониторот мора да биде од ист производител како понудените преносни компјутери | **Согласно.**<br><br>Мониторот е ист производител како понудените преносни компјутери (DELL)<br><br>Страна 1 "Dell_PC_Laptop-BoM.xslx" |
| Гаранција | Минимум 3 години гаранција | **Согласно.**<br>3 години гаранција |

НАПОМЕНА: **Економскиот оператор задолжително го пополнува делот „понудена конфигурација". Доколку во колоната „понудена конфигурација" не бидат пополнети сите ставки, понудата ќе биде отфрлена како неприфатлива**

**Дел III – Финансиска понуда**

3 - ФИНАНСИСКА ПОНУДА

| РБ | Вид | Единечна мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (4x5) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | Компјутер | парче | 1 | 160.210,00 | 160.210,00 |
| 2 | Преносен компјутер ТИП 1 | парче | 15 | 62.580,00 | 938.700,00 |
| 3 | Преносен компјутер ТИП 2 | парче | 35 | 65.700,00 | 2.299.500,00 |
| 4 | Монитор | парче | 45 | 17.750,00 | 798.750,00 |

| | | |
|---|---|---|
| | Вкупно: | 4.197.160,00 |

Според тоа, вкупната цена на нашата понуда без пресметан ДДВ за испорака на информатичка опрема, односно цената која ќе биде предмет на електронската аукција изнесува 4.197.160,00 денари, односно искажана со букви изнесува четири милиони сто девеесет и седум илјади сто и шеесет денари.

Вкупниот износ на ДДВ на понудата искажан со бројки изнесува 209.858,00 денари, односно искажан со букви изнесува двеста девет илјади осумсто пеесет и осум денари.

4. РОК НА ИСПОРАКА НА ОПРЕМАТА

**Рокот на испорака на целата информатичка опрема изнесува максимум 14 дена по прием на писмената порачка.**

III.2. Нашата понуда важи 120 дена. Се согласуваме со начинот и рокот на плаќање утврден во тендерската документација.

III.3. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

III.4. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме одредбите дадени во моделот на договор за јавна набавка.

**4. СОСТАВНИ ДЕЛОВИ НА ПОНУДАТА:**

4.1. Нашата понуда е составена од следниве делови:

1. ОПШТ ДЕЛ
2. ТЕХНИЧКА И ФИНАНСИСКА ПОНУДА
3. ПРИЛОЗИ

- Образец на понуда (Прилог 1),
- Изјава за сериозност на понудата (Прилог 3),
- Изјава за докажување способност (Прилог 4) или Документи од точка 5.2 и Документи за докажување на способност од точка 5.3, или Стандарди од точка 5.4.

Место и датум　　　　　　　　　　Одговорно лице*

______Скопје 28.10.2022__________　　　　____________________________

(потпис)

*Образецот на понудата дигитално се потпишува
може да биде потпишан и од лице овластено од одговорното лице